55787

20 ВРЕМЕ
305 Четврток, 3 февруари 2005

МСУ ДАДЕ ОТЧЕТ

# Половина од буџетот се троши на плати

**МСУ останува единствена институција што финансискиот извештај за годишната работа го објавува како публикација, достапна за јавноста**

Музејот на современата уметност го објави годишниот извештај за работа со прецизна анализа на средствата што оваа буџетска институција ги потрошила лани, кога куќата го прослави својот четиридецениски јубилеј. Со тоа начинот на кој се потрошени буџетските пари во оваа национална институција станува достапен не само за Министерството за култура, како нивен одобрувач, туку и за севкупната јавност.

- Веќе неколку години ја негуваме практиката извештајот да го објавуваме како посебна публикација. Идејата ни беше по угледот на светските музејски институции да направиме и детална разработка на секоја ставка во обид аналитично да си ги согледаме внатрешните трошоци, но годинава не успеавме во тоа - вели Емил Алексиев, в.д. директор на Музејот.



За непречена работа МСУ мора да обезбедува и спонзорства

Причината, според него, е во незавршениот процес на систематизација во куќата, одложен до назначувањето директор на оваа куќа.

- Ваква анализа сега не може да се бара од вработените, зашто тоа не е законска обврска. Но, и ова е доволно да се види како функционира куќата - вели Алексиев.

Со сегашната поставеност не само во МСУ туку речиси кај сите буџетски корисници, најголем дел се троши на плати.

- Тоа е неправилен сооднос, но поинаков не е можен. Речиси половина од буџетот се троши на плати, а дваесетина проценти на проекти - вели Алексиев.

Во годината кога го одбележа своето четиридецениско постоење, Музејот обезбедил дополнителни пари од спонзорства и меѓународни донации.

- Со веќе потврдениот програмски концепт и професионално организираните тематски изложби на дела од домашни и од странски автори, како и за серијата проекти на помладата генерација, МСУ иако во отежнати услови поради нерешената санација на објектот, сепак одработи добра година - оценува Алексиев.

Меѓу најатрактивните настани се проектите на Јован Шумковски, инсталацијата на Петар Хаџи Бошков, изложбата мозаици на Газанфер Бајрам, изложбата на Ирена Паскали, перформансот „Процес" на Игор Тошевски, како и неколку гостувања на странски уметници.

Донираната скулптура на уметникот Винченцо Бјанки минатата година е поставена пред Музејот како иницијација на проектот „Парк на скулптури", а објавени се и атрактивните изданија - книга за филмот „Пред дождот", вториот дел од Досие МСУ на Соња Абаџиева, библиографијата на Музејот и новиот број на специјализираното списание за современа уметност во Македонија „Големото стакло".

Проектот „Бродот на Моцарт" на Антони Мазневски, поставен лани во МСУ, годинава ќе ја претставува Македонија на Венецискиот биенале.

Ј. Ф.